**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**

Натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА 2025

1) Натпреварот започнува во 10:00 часот и трае 90 минути. Тестовите предадени по предвиденото време нема да се земат предвид за прегледување.

2) Максималниот број поени што може да се освојат е 50 (30 од прашањата со заокружување, по два за секое, и 20 од задачите, како што е означено во нив).

3) Тестовите се захефтани заедно со коверти. Во секој коверт има ливче на кое ученикот ги пополнува бараните податоци: име и презиме, училиште, ментор итн., а потоа го затвора (залепува) ковертот.

4) Ученикот не смее да става никаква ознака на тестот или пликото. Шифрата на тестот под и на ковертот е внесена од комисијата. Доколку се забележи некаков друг знак на тестот или ковертот, ученикот ќе биде дисквалификуван.

5) Натпреварувачите се должни да носат со себе сино хемиско пенкало. Тестовите се решаваат користејќи го хемиското пенкало. Не е дозволено да се работи со молив.

6) Мобилните телефони треба да се оставаат на катедрата на почетокот на натпреварот и да се земат по неговото завршување.

7) За решавање на тестовите може да се користи калкулатор.

8) Забранет е било каков разговор меѓу натпреварувачите и употреба на учебници, книги, тетратки, ливчиња, периоден систем и сл. Сите потребни податоци се дадени во тестот.

9) Натпреварувач што нема да се придржува до овие правила/препораки, ќе биде исклучен од натпреварот.

10) Тестовите со решенија ќе бидат објавени на веб страницата по завршување на натпреварот.

11) Тестовите ќе бидат прегледани веднаш по завршување на натпреварот, а дел од наставниците треба да се вклучат во прегледување за категории каде немаат свои ученици.

12) Резултатите ќе бидат истакнати на огласна табла веднаш по прегледувањето, а потоа и објавени на веб страницата на СХТМ во најкус можен рок.

13) Приговори ќе може да се поднесат веднаш по објавувањето на резултатите, на местото на одржување на натпреварот и тоа само со конкретна забелешка.